**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ**

НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Бр. 2112-110
27.12.2022 год.
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 3 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16), Одборот за Националната рамка на квалификации, на седницата одржана на 21.12.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Квалификацијата **Агротехничар за традиционално и органско производство** се распоредува на ниво IV, во Националната рамка на квалификации.

2. Ознаката на квалификацијата од точка 1 на оваа одлука во Регистарот на квалификации е **00109.**

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Одборот за Национална рамка на квалификации на седницата одржана на 26.07.2022 година ја разгледа и расправаше по квалификацијата **Агротехничар за традиционално и органско производство** со обем од 240 кредити, поднесена од страна на Министерството за образование и наука со барање бр. 12-11698/2 од 27.11.2018 година и утврди дека има предлог и позитивно мислење бр. 21110-259/3 од 13.12.2022 година од Секторската комисија за земјоделство, рибарство и ветеринарство, изготвена е во согласност со Методологијата за развој на стандарди на квалификации бр. 2608 од 06.02.2017 година, како и дека е споредлива со таквите квалификации и дека ги исполнува барањата за ниво IV, согласно Законот за Националната рамка на квалификации.

Имајќи го предвид горенаведеното Одборот за Национална рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ**

**Борчо Алексов**

Република Северна Македонија ОДБОР ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ СКОПЈЕ * KËSHILLI PËR KORNIZËN NACIONALE TË KUALIFIKIMEVE SHKUP * Republika e Maqedonisë së Veriut

**Доставено до:**
- **Одделение за Национална рамка на квалификации**

изготвил: Ивона Билинска
контролирал: Нада Лазовска